# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТЕЊЕТО НА

## ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

## ЗА 2018 ГОДИНА

# Содржина


I. Вовед ..... 3

II. Структура на организациона поставеност ..... 4
2.1. Раководител ..... 4
2.2. Администрација ..... 4

III. Портфолио на услуги на Центарот за развој на ЈИПР ..... 5
3.1. Услуги за поддршка на Советот за развој на ЈИПР ..... 5
3.2. Услуги за општо информирање ..... 5
3.3. Консултантски услуги за подготовка и имплементација на проекти ..... 6
3.4. Обуки и услуги ..... 6
3.5. Услуги за промоција ..... 6
3.6. Лобирање ..... 6
3.7. Поддршка и советодавни услуги за мали и средни претпријатија ..... 7

IV. Активности на Центарот за развој на ЈИПР ..... 7
4.1. Аплицирани и одобрени проекти за финансирање од страна на МЛС – Биро за регионален развој ..... 7
4.2. Аплицирани проекти за финансирање од страна на МЛС – Биро за регионален развој за 2019 година ..... 7
4.3. Аплицирани и одобрени проекти за финансирање во рамки на ИПА Програмата за прекугранична соработка ..... 8
4.4. Проекти финансирани од меѓународни извори на финансирање ..... 10
4.5. Проекти од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој ..... 11
4.6. Проекти од Програмата за капитални субвенции за развој на планските региони од областа на земјоделството и руралниот развој ..... 13
4.7. Други проекти ..... 13

V. Активности на Бизнис Центарот во рамките на Центарот за развој на ЈИПР во 2018 година ..... 13

VI. Седници на Советот за развој на ЈИПР во 2018 година ..... 14
6.1. Четврта седница ..... 14
6.2. Петта седница ..... 15
6.3. Шестта седница ..... 15
6.4. Седма седница ..... 16
6.5. Осма седница ..... 16
6.6. Деветта седница ..... 16

VII. Реализирани обуки, работилници, семинари, промоции ..... 16

Согласно член 26-а од Законот за рамномерен регионален развој (Сл.весник на РМ бр.63/07, 187/2013, 43/2014 и 215/2015), Центарот за развој на Југоисточниот плански регион до Советот за развој на Југоисточниот плански регион поднесува:

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ
# НА ЈУГОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ЗА 2018 ГОДИНА

## ОПШТ ДЕЛ

## I. ВОВЕД

Центарот за развој на Југоисточниот плански регион (ЦРЈИПР) со својство на правно лице е основан во септември 2008 година, од страна на десетте единици на локалната самоуправа што влегуваат во состав на Југоисточниот плански регион (Богданци, Босилово, Валандово, Василево, Гевгелија, Дојран, Конче, Ново Село, Радовиш и Струмица).

Центарот за развој на Југоисточниот плански регион е единица на локалната самоуправа со делокруг на работа утврден согласно член 24 став 3 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл.весник на РМ бр.63/07, 187/2013, 43/2014 и 215/2015).

Центарот за развој на Југоисточниот плански регион официјално отпочна со работа на 01.12.2008 година по назначувањето на Раководител и отворањето на канцеларијата.

Седиштето на Центарот за развој на Југоисточниот планскиот регион е во општина Струмица на ул. „Боро Џони“, бр. 10, 2400 Струмица, Тел: +389 34 340 139, Фах: +389 34 340 139, **www.rdc.mk/southeastregion/.**

## II. СТРУКТУРА НА ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ




### 2.1. Раководител

Раководител на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион.

### 2.2 Администрација

Администрацијата е поделена на две одделенија кои извршуваат специфични задачи за успешна работа на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион во функција на регионалниот развој:

1. Одделение за меѓуопштинска соработка и административни работи
   - Раководител на одделение
   - Координатор за меѓуопштинска координација
   - Администратор

2. Одделение за имплементација на проекти и меѓународна соработка
   - Раководител на одделение
   - Координатор за имплементација на проекти
   - Координатор за меѓународна соработка

Во текот на 2018 година во Центарот за развој на Југоисточниот плански регион беа вработени вкупно 9 (девет) лица и тоа вработени на неопределено време

со следнава структура: Раководител на Центарот (1), Раководител на одделение за меѓуопштинска соработка и административни работи (1), Раководител на одделение за имплементација на проекти и меѓународна соработка (1), Координатор за имплементација на проекти (1) и Администратор (1). Останатите вработени лица се ангажирани за потребите на проектите „Управување со сливот на река Струмица“, „Заеднички стратегии за заштита на биолошката разновидност и одржлив развој на билатералната мрежа за заштитни подрачја – COMBINE2PROTECT“ и „Интегриран оперативен систем за хуманитарна помош - HELP“. Исто така во Центарот е ангажирано едно лице кои работи во Бизнис Центарот за поддршка и консултативни услуги за МСП во регионот. Од декември 2016 година до декември 2018 година во Центарот работеше и волонтер од Мировен Корпус.

# III. ПОРТФОЛИО НА УСЛУГИ НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

## 3.1. Услуги за поддршка на Советот за развој на Југоисточниот плански регион

- Поддршка на работата на Советот на регионот

## 3.2. Услуги за општо информирање

- Интернет страна: www.rdc.mk/southeastregion/;
- Информирање преку директен контакт;
- Регионална ТВ мрежа;
- Поддршка и одржување на порталот „Подобрување патна мрежа за развој на руралната прекугранична област – АГРАС“: www.projectagras.eu;
- Поддршка и одржување на порталот „Индустриски зони и комецијални патишта во прекуграничната зона - ЗОНИ И ПАТИШТА”: www.zonesandroads.eu;
- Поддршка и одржување на порталот „Ефикасна употреба на соларната енергија за подобра иднина (SP–FUTURE)”: www.sp-future.eu/;
- Социјални мрежи за информирање за проектот „Интегриран оперативен центар за хуманитарна помош – HELP“:
  -facebook - https://www.facebook.com/helpinterreg/
  -twitter- https://twitter.com/projectHELP9
  -Linkedin - https://www.linkedin.com/company/project-help-ipa-interreg/
- Веб страна за проектот „Размислуваме за компостирање – Посветени на одржување на органскиот синџир“: www.composting-home.eu

- Социјални мрежи за информирање за проектот „Заеднички стратегии за заштита на биолошката разновидност и одржлив развој на билатералната мрежа на заштитени подрачја“:
  -facebook - https://www.facebook.com/COMBINETOPROTECT/
  -instagram - https://www.instagram.com/combine2protect/?hl=en
- Поддршка и одржување на порталот во рамки на проектот "Формирање на Бизнис Центар за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија во Југоисточниот плански регион": www.investinseregion.mk.

### 3.3. Консултантски услуги за подготовка и имплементација на проекти

- Информирање за достапни фондови и отворени повици
- Подготовка на предлог проекти
- Реализација на проекти
- Фасилитирање партнерства
- Советувања при имплементација на проекти

### 3.4. Обуки и услуги

- Реализација на обуки
- Организирање и менаџирање на обуки од трети лица
- Организирање на информативни средби
- Организирање на средби помеѓу засегнати страни од регионот и надвор од него
- Настани за градење свесност за регионалниот развој
- Изработка на извештаи и анализи од регионалниот развој

### 3.5. Услуги за промоција

- Организирање на промотивни настани и учество на саеми во име на регионот
- Организирање на информативни денови за промоција на потенцијалите на регионот
- Подготовка на промотивни материјал за регионот
- Поддршка при учество на саеми и други манифестации

### 3.6. Лобирање

- Лобирање за различни програми за засегнати страни од регионот
- Лобирање за потребите на бизнис секторот

### 3.7. Поддршка и советодавни услуги за мали и средни претпријатија

- Организирање на промотивни настани, советодавни и информативни средби
- Информирање преку интерактивен веб портал
- Информирање преку месечен Е-билтен
- Советодавни услуги за спремање на документи за аплицирање на одредени јавни повици наменети за МСП

# IV. АКТИВНОСТИ НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ЈИПР ВО 2018 ГОДИНА

## 4.1. АПЛИЦИРАНИ И ОДОБРЕНИ ПРОЕКТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА – БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

| Бр. | Назив на проектот | Буџет | Статус на проектот | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Изградба на две прифатилишта за бездомни животни | 17.382.531,00 денари | Проектот е во фаза на имплементација | МЛС-БРР и десетте општини од регионот |
| 2. | Поставување на урбана опрема на Кочулски водопади | 3.373.248,00 денари | Проектот е во завршна фаза | МЛС- БРР и општина Валандово |
| 3. | Изградба на канализационен систем на фекална отпадна вода во Стар Дојран за улица Вељко Влаховиќ и дел од улица Никола Карев | 4.440.811,00 денари | Проектот е завршен | МЛС-БРР и општина Дојран |

## 4.2. АПЛИЦИРАНИ ПРОЕКТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА – БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ЗА 2019 ГОДИНА

Врз основа на барањето од Бирото за регионален развој, за прибирање на предлог – проекти за развој на планските региони, а согласно Програмата за рамномерен регионален развој на Република Северна Македонија за 2019 година, Центарот за развој на Југоисточниот плански регион до Министерството за локална самоуправа - Биро за регионален развој поднесе 6 (шест) предлог проекти и тоа:

| Бр. | Назив на проектот | Буџет | Статус на проектот | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Подобрување на туристичката понуда во Југоисточниот плански регион преку изградба на патна инфраструктура во Сончевата Езерска населба Мантово | 12.232,806.00 денари | Во фаза на оценување | МЛС - БРР |
| 2. | Туристичка патека од природата до културата на планината Плавуш | 8.684.404.00 денари | Во фаза на оценување | МЛС - БРР, Општина Валандово |
| 3. | Хортикултурно и партерно уредување на дел од езерското крајбрежје и формирање на езерска плажа во Дојран | 4.767.500.00 денари | Во фаза на оценување | МЛС-БРР, Општина Дојран |
| 4. | Ревитализација на патот Богородица-Стојаково, крстосница со регионалниот пат Гевгелија- Богданци II фаза | 12.432.639.00 денари | Во фаза на оценување | МЛС-БРР, Општина Гевгелија и Општина Богданци |
| 5. | Помалку отпад за поквалитетен живот | 19.256.057.00 денари | Во фаза на оценување | МЛС-БРР, Општина Радовиш и Општина Струмица |
| 6. | Уредување на дел од индустриските зони во ЈИПР, услов за зголемен економски развој | 5.713.885.00 денари | Во фаза на оценување | МЛС-БРР, Општина Василево |

## 4.3. АПЛИЦИРАНИ ПРОЕКТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ВО РАМКИ НА ИПА ПРОГРАМАТА ЗА ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА

Во рамките на ИПА Програмата за прекугранична соработка со Република Бугарија 2014-2020 година, Центарот за развој на Југоисточниот плански регион

потпиша Договор за финансирање на Проектот „Размислуваме за компостирање – Посветени на одржување на органскиот синџир“, во времетраење од 15 месеци. Во имплементацијата на проектот водечки партнер беше Центарот, додека проектен партнер е Асоцијацијата на Југозападни општини од Благоевград, Р. Бугарија. Имплементација на проектот заврши на 17.01.2018 година.

| Бр. | Назив на проектот | Буџет | Статус на проектот | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | „Размислуваме за компостирање – Посветени на одржување на органскиот синџир“ | Вкупно 117.164,41 ЕУР ЦРЈИПР - 58.966,20 ЕУР | Проектот е завршен | ЕУ преку Интеррег-ИПА Програмата за прекугранична соработка со Р.Бугарија |

Од првиот повик од новата Интеррег ИПА Програма за прекугранична соработка МК-ГР беа одобрени за финансирање два проекти. Центарот за развој на Југоисточниот плански регион започна со имплементација на истите со потпишување на Договорите од 02.04.2018 година. Исто така на Вториот повик од Интеррег ИПА Програма за прекугранична соработка  МК-БГ беа аплицирани два проекти и истите се во фаза на евалуација:

| Бр. | Назив на проектот | Буџет | Статус на проектот | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | „Заеднички стратегии за заштита на биолошката разновидност и одржлив развој на билатералната мрежа на заштитени подрачја“ - COMBINE2PROTECT | 18.397.796,34 денари за ЦРЈИПР | Во фаза на имплементација | ЕУ преку ИПА Програмата за прекугранична соработка со Грција |
| 2. | „Интегриран оперативен центар за хуманитарна помош - HELP | 15.329.859,00 денари за ЦРЈИПР | Во фаза на имплементација | ЕУ преку ИПА Програмата за прекугранична соработка со Грција |
| 3. | „Прекугранична соработка во справување со шумски пожари“ | 199.210,36 евра за ЦРЈИПР | Во фаза на евалуација | ЕУ преку ИПА Програмата за прекугранична соработка со Р.Бугарија |
| 4. | „Заеднички мерки за спречување и намалување на | 391.603,40 евра за ЦРЈИПР | Во фаза на евалуација | ЕУ преку ИПА Програмата за прекугранична |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | последиците од катастрофи во општините Сандански и Радовиш„ | | | соработка со Р.Бугарија |

## 4.4. ПРОЕКТИ ФИНАНСИРАНИ ОД МЕЃУНАРОДНИ ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

На 01 јули 2015 година Центарот за развој склучи договор за фазата на имплементација на проектот „Управувањето со сливот на река Струмица“.

| Бр. | Назив на проектот | Буџет | Статус на проектот | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Управување со сливот на река Струмица (Фаза на имплементација) | 2.940.000,00 швајцарски франци | Во фаза на имплементација | Швајцарска агенција за развој и соработка |

Главна цел на проектот е подобрување на условите за живот на населението и еколошкиот статус на басенот на реката Струмица преку интегрирано управување со водните ресурси, а се имплементира во партнерство со УНДП (Програмата за развој на Обединетите нации), Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, општините Радовиш, Конче, Струмица, Ново Село, Василево, Босилово и други засегнати страни.

На 09.03.2017 година Центарот за развој на Југоисточниот плански регион склучи договор со УНДП (Програма за развој на Обединетите нации) за проектот SEE URBAN „Градење на акциска мрежа за урбана отпорност во Југоисточна Европа“ во вредност од 1.108.471,00 денари. На 15 ти и 16 ти Октомври во хотел Александар Палас, Скопје се одржа завршна конференција во рамките на проектот. Целта на конференцијата беше да се споделат искуствата за веќе воспоставени модели за намалување на ризикот од катастрофи на локално ниво надвор од границите на регионот на Југоисточна Европа како и дискусија за понатамошниот потенцијал за регионална соработка.

На ден 08.11.2018 година Центарот за развој на Југоисточниот плански регион како и УНДП склучија Меморандум за соработка по проектот „Унапредување на општинското владеење„ финансиран преку грантовата шема, во рамки на кој ќе се реализира проектот„ Изградба на две прифатилишта за бездомни животни – Втора фаза“ со вредност од 34.000 илјади евра.

| Бр. | Назив на проектот | Буџет | Статус на проектот | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 2. | „Градење на акциска | 1.108.471,00 | Проектот е | Европска |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | мрежа за урбана отпорност во Југоисточна Европа“ – SEE URBAN | денари | завршен | Комисија – Програмата DG ECHO |
| 3. | „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој - I фаза“ | 1.116,948,00 денари | Во фаза на имплементација | Министерство за локална самоуправа и Швајцарска агенција за развој и соработка |

## 4.5. ПРОЕКТИ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој објави повик преку Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година, кој Центарот за развој на Југоисточниот плански регион имаше можност да учествува со проектни предлози по следниве мерки:

Мерка 321 – Развој на јавна инфраструктура во рурални средини
Мерка 323 – Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја

| Бр. | Назив на проектот | Буџет | Статус на проектот | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. Мерка 321 | Реконструкција и рехабилитација на локален патен правец од клучка Р604 пат Струмица- Дојран до клучка Р 611 пат Валандово-Гевгелија преку населено место Црничани со вкупна должина на делницата од 800 метри | 4.389.600,00 денари | Проектот е во фаза на оценување | АФПЗРР, Општина Дојран |
| | Изградба на локален пат с.Зубово-спој со пат с. Ново Село-с. Мокриево, последна III фаза од КМ 1+340 до КМ 2 +247 | 6.659.560,00 денари | Проектот е во фаза на оценување | АФПЗРР |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Ревитализација на пат с.Богородица- с.Стојаково- крстосница со регионален пат Гевгелија- Богданци, кај бензинската пумпа Шимов I фаза | 14.532.821,00 денари | Проектот е во фаза на оценување | АФПЗРР, Општина Богданци |
| 2. Мерка 323 | Реконструкција на пат од крстосница за с. Добрашинци до брана Турија од КМ 0+0000 до КМ 0 +800 | 13.950.620,00 денари | Проект е во фаза на оценување | АФПЗРР |
| | Изградба на пристапен пат поврзување на села со локалитети од значење, улица бр.6 дел и улица бр.7,1 дел и улица бр.7 дел ( од улица бр.7.1 до улица бр.8) во с. Ораовица | 3.749.705,00 денари | Проектот е во фаза на оценување | АФПЗРР |

Проектот од Мерка 322 – Обнова и развој на селата, Изработка на урбанистички планови за населените места во општина Струмица, Конче, Радовиш, Босилово, Василево, Ново Село, Гевгелија и Дојран од претходниот повик на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој е во завршна фаза.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Мерка 322 | Изработка на урбанистички планови за населените места:<br>- с. Милетково, с. Моин, с. Давидово - о. Гевгелија;<br>- с. Дедино, с. Лубница, с. Габревци - о. Конче;<br>- с. Дабиље, с. Добрејци - о. Струмица;<br>- с. Борисово, с. Мокрино, с. Старо Коњарево - о. Ново Село; | 21.671.348,00 денари | Проектот е во завршна фаза | АФПЗРР - 18.350.000,00 денари<br>о. Гевгелија - 395.538,00 ден о. Конче - 330,624,00 ден<br>о. Струмица - 362,880,00 ден о. Ново Село - 518,182,00 ден<br>о. Василево - 362.880,00 ден о. Босилово - 751.258,00 ден.<br>о. Радовиш - |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - с. Владевци, с. Анѓелци- Градашорци, о. Василево,<br>- с. Босилово, с. Моноспитово, с. Дрвош, с. Бориево - о. Босилово, - с. Дамјан, с. Ињево, с. Подареш - о. Радовиш,<br>- с. Нов Дојран - о. Дојран | | | 342,720,00 ден о. Дојран - 238,916,00 ден |

## 4.6. ПРОЕКТИ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КАПИТАЛНИ СУБВЕНЦИИ ЗА РАЗВОЈ НА ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ ОД ОБЛАСТА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Врз основа на јавниот повик за доставување на барања за користење на средства за реализација на Програмата за капитални субвенции за развој на планските региони во областа на земјоделството и руралниот развој, Центарот за развој на Југоисточниот плански регион како и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на ден 21.12.2018 година потпишаа Договор за финансирање на проекти за подобрување на пристапот до обработливи површини во подрачја на интензивна земјоделска дејност во вредност од 7.041.491,00 денари.

## 4.7. ДРУГИ ПРОЕКТИ

Во текот на 2018 година, Центарот за развој на Југоисточниот плански регион распиша тендер за Авионска апликација на средство за уништување на возрасни комарци на подрачјата на десетте општини во Југоисточниот регион, каде операторот за авио услуги БОНИЕР ДООЕЛ Куманово, имаше најповолна понуда во вредност од 4.918.200,00 денари со ДДВ.

# V. АКТИВНОСТИ НА БИЗНИС ЦЕНТАРОТ ВО РАМКИТЕ НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ЈИПР ВО 2018 ГОДИНА

Регионалниот Бизнис Центар е формиран во рамки на проектот "Формирање на Бизнис Центар за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија во Југоисточниот плански регион" и функционира во рамките на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион. Истиот има за цел зголемување на конкурентноста на планските региони преку поддршка на малите и средни претпријатија и на претприемништвото, а целни групи се: микро, мали и средни претпријатија, претприемачи, локални власти, здруженија на граѓани и фондации, невработени лица, занаетчии, трговци, економски оператори во регионот,

регионални стопански комори, потенцијални заинтересирани странски и домашни инвеститори.

Формирањето на Бизнис Центарот беше финансиски и технички помогнато од страна на Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP), додека неговата работа продолжи со поддршка од страна на Министерството за локална самоуправа.

Дел од активностите кои беа спроведени во рамките на Бизнис Центарот во 2018 година се:

- ✓ Ажурирање на податоците од Електронска регионална база на податоци за институции и фирми кои нудат услуги за развој на приватниот сектор (непрофитни, образовни, локални агенции и единици на владини агенции, консалтинг фирми, правници, нотари, сметководители и слично);
- ✓ Подготовка на настани определени според потребите на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион;
- ✓ Подготовка и дистрибуција на месечен Е-билтен за поддшка на МСП;
- ✓ Ажурирање на веб страната Бизнис Центарот www.investinseregion.mk;
- ✓ Подготовка на извештаи за текот на реализација на проектните активности и доставени до Министерството за локална самоуправа;
- ✓ Обезбедување на советодавни услуги на мали и средни претпријатија од регионот.

## VI. СЕДНИЦИ НА СОВЕТОТ ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ВО 2018 ГОДИНА

Центарот за развој на Југоисточниот плански регион во периодот јануари – декември 2018 година подготви и организираше 6 (Шест) седници и тоа: четвртата седница на Советот за развој на Југоисточниот плански регион, петтата, шесттата, седмата, осмата како и деветтата Седница на Советот за развој на Југоисточниот плански регион.

### 6.1. Четвртата седница (IV) на Советот за развој на Југоисточниот плански регион одржана на 12.03.2018 година во општина Валандово со следниот дневен ред:

- ➢ Усвојување на Записник од третата седница на Советот за развој на Југоисточниот плански регион;
- ➢ Предлог- Одлука за усвојување на Извештајот за попис за 2017 година на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион;
- ➢ Предлог-Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работата на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2017 година;

- Предлог- одлука за усвојување на Акциониот план за 2018 година, со спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион 2015-2019;
- Предлог-Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион 2015-2019 за 2017 година;
- Предлог- Одлука за усвојување на Завршните сметки за 2017 година на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион;
- Разно.

## 6.2. Петтата (V) седница на Советот за развој на Југоисточниот плански регион одржана на 08.05.2018 година во општина Василево со следниот дневен ред:

- Усвојување на Записник од четвртата седница на Советот за развој на Југоисточниот плански регион;
- Донесување на Одлука за преотстапување на пат по проект „Изградба на дел од пат помеѓу населените места Чанаклија и Нова Маала во должина од 1 км“ - општина Василево;
- Донесување на Одлука за преотстапување на пат по проект „Изградба на локален пат кој ги поврзува селата Муртино и Еднокуќево во должина од 1387 метри-втора фаза”;
- Донесување на Одлука за изработка, аплицирање и имплементација на проектот „Прекугранична соработка во справување со шумски пожари“ во рамките на Вториот повик за прекугранична соработка;
- Донесување на Одлука за изработка, аплицирање и имплементација на проект „Заеднички мерки за спречување и намалување на последиците од катастрофи во општините Сандански и Радовиш“ во рамките на Вториот повик за прекугранична соработка;
- Разно.

## 6.3. Шесттата седница (VI) на Советот за развој на Југоисточниот плански регион одржана на 23.07.2018 година во општина Гевгелија со следниот дневен ред:

- Усвојување на записникот од Петтата седница на Советот за развој на Југоисточниот плански регион;
- Донесување на Одлука за непаричен придонес на Центарот за развој на ЈИПР за спроведување на проектот за локална и регионална конкурентност за инвестирање во инфраструктура поврзана со туризам и поврзување со дестинациите, потпроект „Дојран - Туристички бисер на Југоисточна Македонија“;
- Донесување на Одлука за избор на предлог проекти по мерка 321 и 323 согласно Јавниот повик бр.02/2018 по Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година;
- Донесување на Одлука за селекција  на приоритетен проект по Грантова шема од УНДП  по проектот - „Подобрување на општинското владеење“;
- Разно.

### 6.4. Седма седница (VII) на Советот за развој на Југоисточниот плански регион одржана на 15.08.2018 година во општина Дојран со следниот дневен ред:

- Усвојување на Записникот од Шестата седница на Советот за развој на Југоисточниот плански регион;
- Донесување на Одлука за избор на приоритетен проект за доставување на барање за користење на средства од мерка 321 согласно Јавниот повик бр 02/2018 по Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година;
- Донесување на Одлука за избор на приоритетен проект за доставување на барање за користење на средства од мерка 323 согласно Јавниот повик бр.02/2018 по Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година;
- Давање на Согласност за намена на инвестицијата од приоритетен проект по мерка 321;
- Давање на Согласност за намена на инвестицијата од приоритетен проект по мерка 323;
- Разно.

### 6.5. Осма (VIII) седница на Советот за развој на Југоисточниот плански регион одржана на 07.12.2017 година во општина Богданци со следниот дневен ред:

- Усвојување на Записникот од Седмата седница на Советот за развој на Југоисточниот плански регион;
- Листа на предлог регионални проекти по ПРРР за 2019 година;
- Предлог проекти доставени од општините;

### 6.6. Деветтата (IX) седница на Советот за развој на Југоисточниот плански регион:

- Усвојување на записникот од Осмата седница на Советот за развој на Југоисточниот плански регион;
- Донесување на Одлука за усвојување на Финансиски план за работа на ЦРЈИПР за 2019 година;
- Усвојување на Акциониот план за 2019 година за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион 2015-2019;
- Разно

## VII. Реализирани работилници, обуки, семинари, промоции

### 7.1. Настани организирани од страна на Центарот за развој на ЈИПР

| Ред. број | Работилници, Обуки, Семинари, Тркалезна маса, Студиски престој | Место на одржување | Дата | Организатор |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Во хотел „Сириус“ во Струмица се одржи Финалната прес конференција во рамките на проектот „ Размислуваме за компостирање – Посветени на одржување на органскиот синџир„ финансиран од Европската Унија преку Интерег- ИПА Програмата за прекугранична соработка | Струмица | 11.01.2018 | ЦРЈИПР |
| 2. | Во Дом на АРМ, Струмица се одржа инфо сесија за презентирање на јавниот повик „Предизвик за млади истражувачи“ кој го спроведува Фондот за технолошки развој и Министерството за образование и наука. На настанот присуствуваа триесетина професори и наставници од средните и основните училишта, како и претставници од Центарот за развој на Југоисточниот плански регион. | Струмица | 01.02.2018 | ЦРЈИПР и Фонд за иновации и технолошки развој |
| 3. | Во Дом на АРМ, Струмица се организираше настан од Здружението на граѓани за помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци „Љубезност”, Скопје, во соработка со колеги од „Discus“, Амстердам. | Струмица | 21.02.2018 | ЦРЈИПР и Здружение на граѓани за помош на бездомници - Љубезност |
| 4. | Центарот за развој на Југоисточниот плански регион во соработка со Министерство за земјоделство, шумарство и водостопансво – тело за управување со ИПАРД организираа состанок на тема: Подготвителни активности за акредитација на ИПАРД за мерка „Унапредување и развој на | Струмица | 21.03.2018 | ЦРЈИПР и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопансво – тело за управување со ИПАРД |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | руралната инфраструктура". | | | |
| 5. | Во хотел „Сириус", Струмица се одржа работна средба на членовите на Советот за управување со сливот на река Струмица во рамките на проектот „Управување со сливот на река Струмица" кој се имплементира од страна на ЦРЈИПР, Програмата за развој на Обединетите нации ( УНДП), Министерство за животна средина и просторно планирање, финансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка. | Струмица | 04-05.06.2018 | ЦРЈИПР,УНДП |
| 6. | Во Дом на АРМ, Струмица, Бизнис Центарот при ЦРЈИПР во соработка со Фондот за иновации и технолошки развој организираше Информативна сесија за јавниот повик за поднесување предлог проекти во рамки на столб 3 од Планот за економски раст на Влада на Република Северна Македонија. | Струмица | 30.05.2018 | ЦРЈИПР и Фонд за иновации и технолошки развој |
| 7. | Во хотел „Сириус", Струмица, Центарот за развој на Југоисточниот плански регион организираше работна средба за новата грантова шема финансирана од УНДП во рамките на проектот „Унапредување на општинското владеење", а во рамки на која Центрите за развој можат да аплицираат за средства за реализација на проект. | Струмица | 04.07.2018 | ЦРЈИПР и УНДП |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8. | Во хотел Сириус, Струмица во рамките на проекот „Заеднички стратегии за заштита на биолошката разновидност и одржлив развој на билатералната мрежа на заштитени подрачја - COMBINE2PROTECT” финансиран од Европската Унија преку Интеррег ИПА Програмата за прекугранична соработка, се одржа првиот состанок на проектниот тим. | Струмица | 05.07.2018 – 06.07.2018 | ЦРЈИПР |
| 9. | Третиот работен состанок за размена на искуства на локално ниво во рамките на проектот „Градење на акциска мрежа за урбана отпорност во Југоисточна Европа“ – СЕЕ УРБАН | Струмица | 13.07.2018 | ЦРЈИПР и УНДП |
| 10. | Во Дом на Арм, Државен завод за индустриска сопственост во соработка со Центарот во Струмица организираа средба со стопанските претставници за презентација за начинот и заштитата на правата за индустриската сопственост. | Струмица | 07.09.2018 | Државен завод за индустриска сопственост и ЦРЈИПР |
| 11. | Во хотел „Сириус“, Струмица, во рамките на проектот „Интегриран оперативен центар за хуманитарна помош“ - HELP се одржа вториот состанок на проектниот тим. Главна цел на состанокот беше презентирање на дизајнот и техничката документација за развој на контејнерот кои има клучна улога за успешна имплементација на проектот. | Струмица | 24-25.09.2018 | ЦРЈИПР |
| 12. | Центарот за развој на Југоисточниот плански регион го одбележа Денот на Европската соработка. Центарот преку вакви креативни дела имаше чест да | Струмица | 05.10.2018 | ЦРЈИПР |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | биде дел од седмото издание на кампањата EU COOPERATION DAY, каде на отворено низ земјите во ЕУ вклучувајќи ја и нашата земја беа претставени голем број активности и најразлични креативни идеи за одбележување на Европскиот ден на соработка. | | | |
| 13. | Четвртата работилница за градење на капацитетите на локално ниво во рамките на проектот „Градење на акциска мрежа за урбана отпорност во Југоисточна Европа“– СЕЕ УРБАН | Струмица | 05.10.2018 | ЦРЈИПР, УНДП |
| 14. | Во хотел „Александар Палас“, Скопје се одржа завршна конференција во рамките на проектот „Градење на акциска мрежа за урбана отпорност во Југоисточна Европа“ – SEE URBAN. Целта на конференцијата беше споделување на искуства за веќе воспоставени модели за намалување на ризикот од катастрофи на локално ниво надвор од границите на регионот на Југоисточна Европа, дискусија за понатамошниот потенцијал за регионална соработка во оваа област и да се истражат можностите за нивна репликација во земјите партнери од Истокот и Централна Азија. | Скопје | 15-16.10.2018 | ЦРЈИПР,УНДП |

## 7.2. Настани организирани од други институции на кои присуствуваа претставници од Центарот за развој на ЈИПР

| Ред. број | Работилници, Обуки, Семинари, Тркалезна маса, Студиски престој | Место на одржување | Дата | Организатор |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Во хотел „Сириус“, Струмица и хотел „Рамада“, Гевгелија се одржа работнилница по проектот | Струмица-Гевгелија | 15-16.01.2018 | Светска банка |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | за Локална и регионална конкурентност кој се финансира со грант од Европската Унија, каде претставници од Центарот за развој на Југоисточниот плански регион беа присутни. Развојната цел на проектот е да го зајакне придонесот на туризмот во локалниот економски развој и да ги унапреди капацитетите на институциите со цел да се поттикне развојот на туризмот и да се олесни управувањето со дестинациите. | | | |
| 2. | Во хотел „TCC Grand Plaza“, Скопје, претставник од Центарот за развој на Југоисточниот плански регион беше присутен на Семинар за соработници од Мировен корпус, каде што се промовираше организирање настани што помагаат во заштитата на животната средина така наречени Zero Waste настани. | Скопје | 09.02.2018 | Мировен корпус |
| 3. | Во хотел „Вила Парк“, Струмица Заедничкиот Секретаријат на Interreg - ИПА Програмата за прекугранична соработка со Р. Бугарија одржа информативна кампања за Вториот повик за поднесување на проектни предлози за засегнатите страни | Струмица | 20.02.2018 | Заеднички Секретаријат на Interreg - ИПА Програмата за прекугранична соработка со Р. Бугарија |
| 4. | Во „Сити Хол“, Скопје се одржа промотивен настан „Форум на градоначалници: соработници со волонтери од Мировен корпус“ што го организира Мировен корпус Македонија. На овој форум обраќање имаше директорот на Мировен корпус, Амбасадорот на САД како и Министерот за локална самоуправа. Целта на овој настан беше да се запознаат новите градоначалници со програмата и мисијата на Мировен корпус во нашата земја, | Скопје | 14.03.2018 | Министерство за локална самоуправа, Мировен корпус |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | отварање на новиот повик за апликации за 2018 година. | | | |
| 5. | Во хотел „Арка“, Скопје се одржа форумска сесија за ревидирање на Програмата за одржлив развој и децентрализација и Прва форумска  сесија за подготовка на Акциски План (2018 – 2020) на Програмата, каде се работеше во групи и се одржи дискусија околу подготовката на Акцискиот план на Програмата за 2018-2020 година | Скопје | 05.04.2018 | МЛС |
| 6. | Во просториите на Домот на културата „25 –ти Мај“, Валандово, претставник од Центарот за развој на Југоисточниот плански регион беше присутен на настанот „Како до развој во насока  на стратегија за одржлив развој на ЕУ“. Настанот беше во организација на „ИПА 2 Механизмот за граѓанските организации“ и имаше за цел да покрене дискусија за предизвиците и можностите за развој на Југоисточниот плански регион | Валандово | 21.05.2018 | Општина Валандово |
| 7. | Во просториите на Дом на АРМ во Струмица се одржа информативен состанок за најавениот Јавен повик за доставување барања за користење финансиски средства во рамки на Програмата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој за 2018 година. | Струмица | 13.06.2018 | Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој |
| 8. | Во хотел „Аполонија“, Гевгелија се одржа прес конференција по повод започнувањето со имплементација на активности на проектот „Акцелератор на знаење за МСП“ (МЕКА) проектот кој се спроведува под грантова шема за | Гевгелија | 27.06.2018 | Флорит, Гевгелија |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | спроведување на проекти за зголемување на конкурентноста на земјата корисник. | | | |
| 9. | Во ресторант „Шалом“ се одржа дискусија на фокус група во рамките на проектот „Акцелератор на знаења за МСП“, каде што претставници од Центарот за развој на Југоисточниот плански регион беа присутни. | Струмица | 25.10.2018 | Флорит, Гевгелија |
| 10. | Во Народниот Театар во Гевгелија, претставници од Центарот присуствуваа на работилница во рамките на проектот „Акцелератор на знаење за мали и средни претпријатија“ за оцена на потребите како да се направи компанијата конкурентна, преку обезбедување неопходно знаење и вештини за искористување на достапните фондови и програми. | Гевгелија | 30.11.2018 | Флорит, Гевгелија |

Центар за развој на Југоисточниот плански регион
Овластено лице
**Мима Станоевска**